2016

ГОДИШЕНИЗВЕШТАЈ

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ДИСЛЕКСИЈА "АЈНШТАЈН"

Здружение за дислексија Ајнштајн

https://www.facebook.com/zdruzenie.einstein/
contact@disleksija.org.mk
www.disleksija.org.mk

За Нас

Здружението за дислексија Ајнштајн е непрофитна организација формирана во Декември 2013 година од родители на деца со дислексија и лица со дислексија. Идејата за формирање на здружението произлезе пред се од недостигот на информации за дислексијата. Барајќи решение и помош за тешкотиите со читање кај своите деца родителите се соочија со , неинформираност на институциите и недоволна стручност кај просветните работници. Ние постоиме со цел да помогнеме на илјадници лица кои се соочуваат со проблемот дислексија и истата да ја актуелизираме во нашата држава.

Нашата Мисија е:

Ајнштајн е Здружение на граѓани чија што цел е подигнување на јавната свест за дислексијата кај образовните институции, родителите , релевантните институции како и кај пошироката јавност. Ајнштајн ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и поддршка за сите оние кои се засегнати од оваа проблематика.

Нашата визија е :

Подобрување и олеснување на процесот на образование на учениците со дислексија како и потпомагање во воведување на соодветен и подобрен образовен систем . Здружението се залага за зголемување на бројот на своите членови за добивање подобри и поквалитетни човечки ресурси кои понатаму ќе можат да се надградуваат се со цел стекнување на поширок соодветно експертен кадар за обработка на состојбата наречена дислексија. Нашата визија неизбежно опфаќа создавање на општество кое ќе има капацитет да ги исполни сите барања и потреби на лицата со дислексија и да се приклучи на земјите кои веќе 50 години активно развиваат техники и методи за работа за овие лица настојувајќи истите да го пронајдат и истакнат својот талент.

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

ОСНОВАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Славица Тасевска Николовска
Орхидеја Шурбановска
Павлина Димоска
Билјана Младеновиќ
Лидија Кировска

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Дамјан Николовски

СОБРАНИЕ

Го сочинуваат сите регистрирани активни и неактивни членови

УПРАВЕН ОДБОР

Фани Кузмановска – Претседател
Давид Стефановски - Член
Симона Тодоровска - Член

НАДЗОРЕН ОДБОР

Сливана Вучевска – Претседател
Бодин Попов – Член
Дарја Николовска – Член

ЈАНУАРИ

Првиот месец од 2016 година продолживме со интензивно снинање на рекламно-едукативни видеа со позати личности од јавниот живот под името „Јас знам што е дислексија", кои во истите беше дадена поддршка на нашата мисија и идеја во однос на тоа што претставува дислексијата.

За почеток, започнавме со Јана Бурческа – пејач. Јана е една од многубројните артисти кои со својот сензибилитет и чувство за музика ја оплеменува македонската музичка естрада. Видеото беше објавено на нашата веб страна, Фејсбук фан страна и на нашиот Јутуб канал со повќе од 1000 прегледи.

Јана Бурческа



Атанас Николовски

Во истиот месец, тимот на Здружението за дислексија АЈНШТАЈН, одлучи да стапи во контакт со легендата на Македонското во кајакарство, Атанас Николовски со кој што беше снимено и споделено видео во јавноста кое беше проследено со голема гледаност од страна на нашите поддржувачи.

Меѓу другото, Тимот на АЈНШТАЈН се одлучи за ребрендирање и воведување на ново и пософистицирано лого решение, како симбол за нашиот успешен почеток во новата година.

Лого дизајн - Здружение за дислексија АЈНШТАЈН

ФЕВРУАРИ

Во месец Февруари, Здружението за дислексија АЈНШТАЈН го спроведе четвртиот семинар во низата од семинари "Дислексија, пристап, форми и методи" со посетеност од 90 учесници.

Во кампањата"Јас знам што е дислексија" се приклучи и познатиот актер од Македонскиот Народен Театар, Славиша Кајевски кој со своето видео даде голем придонес во поддигнување на јавната свест за тоа што претставува дислексијата и кој се личности од светската јавност ја имаат и одлично се справуваат со истата.

Славиша Кајевски

Меѓу другото, Успешно заврши конференцијата "Фокус на дислексија" која што беше дел од истоимениот проект "Фокус на дислексија" кој што е поддржан од проектот на УСАИД за граѓанско општество, а проведуван од Фондација отворено општество Македонија. На оваа конференција за прв пат во Република Македонија гостин беше странски експерт за дислексија, поточно Госпоѓата Мери О Доуд од Република Ирска. Се надеваме дека излагањето на нашиот гостин даде јасна слика за тоа што се треба да направиме за дислекисјата во нашата Република. Сите заедно треба да се стремиме кон остварување на поволни услови за воведување на нови стандарди во образовниот систем ,а со тоа и ќе оствариме поволни услови за образование на лицата со дислексија.

Мери О Доуд

МАРТ

Во овој месец, Република Македонија за прв пат доби лиценциран фасилитејтор за дислексија по методот на Рон Дејвис. - Славица Тасевска николовска. Токму таа, иницијаторот за основање на Здружението за дислексија АЈНШТАЈН, по три годишна обука

Славица Тасевска Николовска



dda

Davis Dyslexia Association International

hereby acknowledges that

Slavica Nikolovska

has demonstrated the competency and skill required to be certified and licensed as a

Davis Dyslexia Program Facilitator

In witness thereof, the following Directors have affixed their signatures.

Expiration Date: April, 2017

Здружението за дислексија АЈНШТАЈН за прв пат организираше едукативна работилница во општина Струмица. Едукативната работилница беше дел од горе наведениот проект, "Фокус на дислксија" каде беа обучени 200 одделенски наставници.

АПРИЛ

Со почетокот на месец Април, Тимот на АЈШТАЈН продолжи со својата мисија во поддигнувањето на јавната свест за дислексијата, овој пат во Битола. Токму таму, беше организиран семинарот "Дислексија, пристап, форми и методи" каде беа обучени повеќе од 80 наставници, стручни лица и заинтересирани родители.

Семинар ,,Дислексија, пристап, форми, методи" во Битола

За реализација на семинарот беше во соработка со Центарот за ран детски развој "Бонбончиња" од Битола.

Во продолжение, беше огранизиран семинар "Воспитај, емиционално интелигентно дете" во организација на здружението "Brain Genius Kids" од Куманово со поддршка на Здрушението за дислексија АЈНШТАЈН.

Во рамки на проектот "Фокус на дислексија" кој својата реализација ја започна во општина Струмица, продолжи во општина Чаир, каде беа обучени 200 одделенски наставници. При реализирање на предавањата во училиштата во општина Чаир беа поделени рекламни и едукативни тефтери, флаери и прирачници за дислексија на македонски и албански јазик.

МАЈ

Поради големиот одзив и посетеност на на нашите едукативни семинари, Здружението за дислексија АЈНШТАЈН, се одлучи семинарот "Дислексија, пристап, форми и методи" да го реализира на повеќе места во нашата земја. Поради територијалната големина и блискоста на останатите градови, тимот на АЈШТАЈН се одлучи да се реализираат семинари во градовите Прилеп и Охрид. Преку овие едукативни семинари беа едуцирани повеќе од 150 учесници.

Семинар "Дислексија, пристап, форми, методи" во Охрид

Дел од учецниците на семинарот во Прилеп со стекнатите сертификати

Како продолжение на проектот Фокус на дислексија кој беше реализиран во општините Струмица и Чаир, беше огранизирана едукативна работилница во општина Ценатр, наменета за одделенските наставници.

Во своето портфолио Здружението за дислексија АЈНШТАЈН го додаде проектот "Дислексијата е друг збор за дарба" кофинансиран од Град Скопје. Прокетот опфати анкетно истажување на 2000 ученици од неколку среди училишта во град Скопје за застапеноста на знаците на дислексија.
Од истражувањето произлезе дека 13% од испитаните средношколци ја поседуваат оваа состојба.

ЈУНИ

Во екот на летната сезона, Здружението за дислексија АЈНШТАЈН организираше забавен настан со наслов "Family day со фокус на дислексија" во кој беше дел од проектот Фокус на дислексија кој беше поддржан од проектот на УСАИД за граѓанско општество кој го спроведува Фондацијата Отворено општество Македонија.Забавниот настан беше во соработка со здружението "Дајте ни крилја", Здружението "Психеско" – првото македонско здружение на студенти по психологија и компанијата "Колор Медија". Настанот беше проследен со многу игри, забава и порадоци за сите натпреварувачи во игрите, каде воедно имаше огромна посетеност од страна на најмалите, родители, јавни личности и случајни минувачи.

ЈУЛИ

Во месец Јули, Здружението го започна прокетот со кој ќе се прави мониторниг на акциски план за локалната стратегија на општина Центар за развој на образованието.

АВГУСТ

Пред почетокот на новата учебна година, организацијата "Конект" месецот август го посвети на поттикнување на граѓаните за паметно донирање во Здружението за дислексија АЈНШТАЈН. Донирањето беше со цел што повеќе деца со дислексија да добијат бесплатни совети и прирачници за тоа како да се справат со училишните предизвици.

СЕПТЕМВРИ

Со почеток на училишната година, Здружението за дислексија АЈШТАЈН изготви презентација која беше презентрана пред одделенските наставници во Основното училиште "11 Октомври" во Центар, каде воедно наставниците дознаа повеќе за тоа што преставува дислексијата. Во рамки на презентацијата, беа поделени едукативни тефтери и флари за дислексија за секој наставник, индивидуално.

ОКТОМВРИ

Во светски размери, месец октомври е месец на дислексијата и подигнување на јавната свест за истата. Токму поради тоа, Здружението за дислексија АЈНШТАЈН изработи промотивно видео под насловот "Различни но моќни - тоа сме ние!" каде учество земаа токму деца со дислексија од Македонија и истото беше официјализирано на нашата веб страна, Фејсбук фан страна и нашиот Јутуб канал. Воедно, промотивното видео беше и емитувано во Утринската програма на Телма телевизија.



Дел од промотивното видео "Различни но моќни - тоа сме ние!"

Во овој месец, Здружението продолжи со едуцирање на наставниците во основните училишта во општина Центар. Конкретно, беше реализирана презентација во Основното училиште "Ј.Х. Песталоци" каде наставниците се стекнаа со информации за тоа што преставува дислексијата и нејзино рано откривање.

Водејки се по овој пример, Тимот на АЈНШТАЈН спроведе презентација и во Основнот училиште Јан Амос Коменски во општина Карпош.

Меѓу другото, Здружението во соработка со форумот на жени при општинската организација "Гром" од Кислеа Вода ја организираше првата јавна трибина за дислексија каде што присутните имаа можност да дознаат повеќе за оваа состојба.

НОЕМВРИ

Здружението на граѓани Иновативни Мотиватори - ЈАС СУМ / Innovation Motivators - IM во соработка со Здружение за дислексија АЈНШТАЈН и Center for youth activism KRIK / КРИК одржа креативна ликовна работилница на тема: „Биди суперхерој" во Младинскиот културен центар во Скопје во пресрет на Светскиот ден на детето. Работилницата ја водеа студенти од Факултетот за ликовна уметност во соработка со студенти по дефектологија.

По повод Светскиот ден на детето, Иновативни Мотиватори - ЈАС СУМ / Innovation Motivators - IM во соработка со Здружението за дислексија „Ајнштајн", Center for youth activism KRIK / КРИК и основните училишта на град Скопје одржа јавен настан на кој заедно ја покажеме еднаквоста на сите деца и ги срушивме бариерите на нашите различности. Воедно, во рамки на креативната работилница, беше оддржана и хуманитарна изложба на детски цртежи изработени од децата-учесници на

Дел од креативната работилница ,,Биди супер херој"

Во месец декември, заврши реализирањето на прокетот "Дислексијата е друг збор за дарба". Покрај анкетното истражување, прокетот опфати интерактивни презентации презентирани на 100 ученици од три средни училишта од град Скопје.

ДЕКЕМВРИ

Дел од Тимот на Здружение за дислексија АЈНШТАЈН на штандот на НБО Саемот 2016

Водејќи се по успешното минатогодишно претставување на НБО саемот, Здружението за дислексија АЈНШТАЈН и оваа година се одлучи да биде дел од истиот. Токму НВО саемот беше организиран од Волонтерскиот центар Скопје со поддршка од Град Скопје, кој беше оддржан во Младинскиот културен центар во Скопје. Присутните имаа можност одблиску да се запознаат со активностите на Здруженмието, да осознаат повеќе што точно претставува дислексијата, начините на која истата успешно се надминува и воедно запознавање со тимот на Здружението за дислексија АЈНШТАЈН.

Со приближување на новогодишните празници, Тимот на АЈНШТАЈН реши да ја посети Клиниката за детски болести во Скопје каде беа поделени новогодишни пакетчиња.

Делење на новогодишните пакетчиња во клиниката за детски болести Скопје

Меѓу другото, декември е месец на нашето здружение, месец кога пред четири години Здружението за дислексија АЈНШТАЈН беше официјално формирано. Токму затоа, тимот го прослави својот четврти роденден, каде беа присутни дел од нашите соработници, поддржувачи, помагатели и пријатели.

Дел од прославата на четвртиот роденден на Здружението за дислексија АЈНШТАЈН

Тимот на Здружение за дислексија АЈНШТАЈН

Во месец Декември се иготви извештајот од проектот "Мониторинг на акцискиот план за образование на Општина Центар"
Од мониторингот како главни препораки произлегоа:

- Креирање на систем за поголема информираност на училиштата и родителите со акцискиот план за развој на образованието – со цел да се постигне поголема транспарентност во поглед на актуелните активности кои се превземаат како дел од стратегијата на Општина Центар.
- Општината да работи на подобрување на меѓучовечките односи во насока на попродуктивно дејствување. Подобрувањето на меѓучовечките односи може да се постигне со одржување на редовни состаноци за размена на информации, тим билдинг активности и креирање на систем за подобра меѓу секторска координација .

- Зајакнување на соработката со надлежните власти и институции од страна на општината. Образованието треба да биде приоритет на секоја извршна власт, па токму затоа мора да се надминат пречките на кои наидува општината поради различната политичка определба на локалната и извршната власт.
- Потреба од поголема заинтересираност и вклученост на училиштата во сите активности каде што имаат клучна улога . училиштата треба да покажат и покренат самостојна акција онаму каде што имаат надлежност без притоа постојано да се потпираат само на иницијативите од општината